На 27.11.2017 година во зградата на Ректоратот на Универзитетот Гоце Делчев во Штип се одржа првата консултативна работилница со проектните партнери за изработка на предфизибилити студија за воспоставување на меѓу-регионален технолошки парк (МТП) за Вардарскиот и Источниот плански регион.

Целта на настанот беше анализа на првичните добиени резултати од спроведените интервјуа и анкети со релевантните чинители. Работилницата беше спроведена од страна на експертот Јасмина Поповска од Програмата за развој на Обединетите Нации - УНДП.

Настанот беше организиран во рамки на проектот за „Изработка на предфизибилити студија за воспоставување на меѓу-регионален технолошки парк (МТП) за Вардарскиот и Источниот плански регион", а е финаансиски поддржан од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП).







